# „Аллаху мој, кој ќе прифати некоја одговорност кон луѓето во мојот умет а потоа им отежне, па и Ти отежни му, а кој ќе прифати некаква одговорност кон луѓето во мојот умет па им олесни и Ти олесни му

Се пренесува дека Аиша, радијаллаху анха, кажала: Го слушнав Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селлем, како во оваа моја куќа вели: „Аллаху мој, кој ќе прифати некоја одговорност кон луѓето во мојот умет а потоа им отежне, па и Ти отежни му, а кој ќе прифати некаква одговорност кон луѓето во мојот умет па им олесни и Ти олесни му."

[صحيح] [رواه مسلم]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, упатил дова против оној кој ќе преземе одговорност за некои работи на муслиманите, големи или мали, без оглед дали се однесува за некои општи или специфични работи, а потоа им отежнува и не им ги олеснува работите. Таквиот Аллах да го казни со иста мерка и да му отежне како што тој им направил на муслиманите. А тој што ќе им ја олесни работата, и нему Аллах нека му ги олесни работите.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5330